**20220140103**

## ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37, став 1, алинеја 4 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, бр.35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општата седница одржана на ден 24.12.2021 година донесе

## ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Деловник) се уредува организацијата и начинот на работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Судот).

Член 2

Со организацијата и начинот на работа на Судот се обезбедува законито, независно, непристрасно, ефикасно и во разумен рок вршење на функцијата, непречено остварување на правата и обврските на странките, без оглед на нивната положба и својство.

Член 3

Врховниот суд на Република Северна Македонија во својата работа ги применува одредбите од Судскиот деловник за прашања што не се уредени со овој Деловник.

Член 4

Претседателот на Судот и судскиот администратор ја обезбедуваат примената на Деловникот.

Судиите и судските службеници, во својата работа, непосредно го применуваат Деловникот.

Член 5

Судиската функција во Судот се врши преку судски совети, судски оддели, заедничка седница на оддели, седница на судии и Општа седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Член 6

Седиштето на Судот е во Скопје. На зградата во која е сместен Судот се истакнува називот „Република Северна Македонија, Врховен суд на Република Северна Македонија“ со грбот и знамето на Република Северна Македонија.

Називот на Судот се испишува на посебна стаклена табла која има правоаголен облик со димензии 70см x 35см. Текстот е напишан со големи букви во златна боја на црна подлога. Двојазичните табли се со поголеми димензии, прво е напишан текстот на македонски јазик, а потоа на јазикот различен од македонскиот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

На таблата на Судот може да се истакне називот на Судот на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски јазик).

Член 7

Судот има свој печат во форма на круг со пречник од 40 мм.

Печатот го содржи грбот на Република Северна Македонија околу кој се наоѓа текстот „Република Северна Македонија – Врховен суд на Република Северна Македонија – Скопје", на кој прво е напишан текстот на македонски јазик, а потоа на јазикот различен од македонскиот, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

Печатот на Судот се става на одлуките што се донесуваат од страна на Судот, како и на сите други службени акти.

Судот има правоаголен штембил со пречник од 60 мм.

Штембилот го содржи текстот „Врховен суд на Република Северна Македонија", број, датум, Скопје, на кој прво е напишан текстот на македонски јазик, а потоа на јазикот различен од македонскиот, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

Во меѓународната комуникација, називот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, како и скратената ознака ВСРСМ, покрај на македонски јазик, а потоа на јазикот различен од македонскиот, кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, може да се изрази и на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски јазик).

## Глава II

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 8

Претседателот на Судот има статус и функција на прв судија во Судот, го организира работењето и го претставува Судот пред државните органи на Република Северна Македонија, другите домашни и меѓународни органи и организации.

Претседателот на Судот е одговорен и за навремена работа на Судот.

Претседателот на Судот ги врши работите од делокругот на судската управа, ја организира работата, раководи и управува со Судот.

За успешно, навремено и уредно вршење на работите од судската управа, претседателот на Судот може да ги довери работните задачи на својот заменик или друг судија, судија претседател на оддел, на судскиот администратор или друг раководен судски службеник, а по потреба да организира и сопствен тим за работа.

Во случај на спреченост или отсуство, претседателот на Судот го заменува заменик на претседателот на Судот.

Член 9

Претседателот на Судот утврдува Годишен распоред за работа на судиите, по претходно прибавено мислење од Општата седница.

Со Годишниот распоред се одредува на која област судијата ќе ја врши судиската функција.

Судијата не може да биде преместен од еден во друг судски оддел против своја волја.

Во исклучителни случаи, поради избор на нов судија, подолго отсуство на судија, значително зголемен или намален обем на предмети во работа во текот на годината по одделни правни области или испразнети судиски места, судијата може во текот на годината да биде преместен на работа од еден судски оддел во друг, но не подолго од 1 година.

Со Годишен распоред за работа на судиите се определува заменик на претседателот на Судот.

Претседателот на Судот носи одлука за спроведување на Годишниот распоред за работа на судиите во АКМИС-програмата согласно со Судскиот деловник.

Претседателот на Судот донесува одлука за формирање на времен совет во случаи кога не може да постапува советот согласно со Годишниот распоред за работа.

Член 10

Претседателот на Судот може да предложи определени работи и задачи од надлежност на Судот да бидат разгледани на седницата на судиите, за да се преземат мерки за унапредување на ефикасното функционирање на Судот.

Претседателот на Судот ја следи состојбата со движењето на предметите во Судот непосредно и врз основа на согледувањата и извештаите на судските оддели.

Член 11

Претседателот на Судот, по потреба, одржува работни средби со претседателите на Вишиот управен суд, Управниот суд, претседателите на апелационите и основните судови во врска со работата на судовите, примената на Судскиот деловник и за други прашања значајни за судството, како и состаноци со претставници на други органи и организации за прашања од значење на судството.

Член 12

Заради навремено информирање и запознавање со тековната работа и со актуелни прашања во судските оддели, консултации во врска со составување на предлозите за седницата на судиите и на Општата седница и заради прибирање на мислења за прашања од надлежност на претседателот на Судот, по потреба, тој одржува работни или договорни средби со претседателите на судските оддели и со претседателите на судските совети.

Член 13

Претседателот на Судот може да одобри приоритет во решавањето на одделни предмети врз основа на писмено барање на странка. Предметите со одобрен приоритет се предаваат на судијата без одлагање.

Претседателот на Судот по исклучок може да одобри приоритет во решавањето на одделни предмети врз основа на писмено образложено барање на судија, претседател на совет или претседател на оддел.

Член 14

Претседателот на Судот донесува одлука за распоред на судиите како судии известители кои ја следат работата на Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите и основните судови.

Судијата известител од став 1 воедно е и судија известител по приговор на судија од тој суд.

Член 15

Претседателот на Судот донесува програма за посета на судовите по претходно прибавено мислење од Седницата на судиите.

## 2. СУДИЈА КОЈ ГО ЗАМЕНУВА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Член 16

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, со Годишниот распоред за работа на судиите, определува судија кој ќе го заменува во случај на негово отсуство и спреченост.

Во случај на отсуство на судијата кој го заменува претседателот на Судот, ќе го заменува судијата кој е најстар според изборот во Судот.

## 3. КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 17

За вршење на стручни, административно-технички работи за потребите на претседателот на Судот, се организира Кабинет на претседателот на Судот.

## 4. СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 18

Судиите на Врховниот суд на Република Северна Македонија судиската функција ја вршат во совети, седници на оддели, заедничка седница на оддели, седница на судии и Општата седница.

## 5. СУДСКИ ОДДЕЛИ

Член 19

Во Судот се основаат 4 (четири) судски оддели:

1. Оддел за казниви дела
2. Оддел за граѓански дела
3. Оддел за судење во разумен рок
4. Оддел за судска практика.

Член 20

Одделот за казниви дела го сочинуваат претседателот на Одделот, судиите и стручните судски службеници кои со Годишен распоред за работа се распоредени да ги вршат работите во советите на Одделот и административните службеници во писарницата на Одделот.

Одделот за граѓански дела го сочинуваат претседателот на Одделот, судиите и стручните судски службеници кои со Годишен распоред за работа се распоредени да ги вршат работите во советите на Одделот и административните службеници во писарницата на Одделот.

Одделот за судење во разумен рок го сочинуваат претседателот на Одделот, судиите и стручните судски службеници кои со Годишен распоред за работа се распоредени да ги вршат работите во советите на Одделот и административните службеници во писарницата на Одделот.

Одделот за судска практика го сочинуваат претседателот на Судот, претседателот на Одделот за судска практика, претседателите на другите оддели и стручните судски службеници од трите судски оддели кои се задолжени за следење на судската практика.

## 6. РАБОТА НА СУДОТ

Член 21

Работите од судската надлежност, утврдени со Уставот и Законот за судовите, во Судот се извршуваат преку:

- советите,
- седницата на одделите,
- заедничката седница на одделите,
- седницата на судиите,
- Општата седница,
- проширена Општа седница.

## 7. СУДСКИ СОВЕТИ

Член 22

Советите одлучуваат по конкретни предмети од надлежност на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Претседателот на Судот со Годишниот распоред за работа ги утврдува бројот и составот на советите, ги определува претседателите на советите и членовите, како и нивните заменици во случај на отсуство или спреченост.

Член 23

Секој новооформен предмет од писарниците на одделите, кој е распределен кај определен судија, судскиот службеник наредниот ден го предава и електронски го придвижува предметот кај судијата.

Судијата во соработка со стручниот судски службеник го разгледува предметот со цел да утврди дали се исполнети процесните претпоставки за одлучување по изјавениот правен лек.

Кога ќе се утврди дека не е исполнета некоја од процесните претпоставки и дека предметот треба да се врати на понискиот суд, или доколку правниот лек е ненавремен, необразложен или недозволен, судијата известител тоа го изнесува на првата седница на советот.

Доколку не се исполнети условите од став 3 од овој член, предметот се враќа во писарницата.

### **Подготвување на предметите за седница на советот**

Член 24

Судијата известител во соработка со стручниот судски службеник изготвува писмен извештај во однос на конкретниот предмет.

Писмениот извештај содржи фактичка состојба, правно образложение, со посебен осврт на спорните правни и фактички прашања и наводите во правниот лек по кој се одлучува.

Писмениот извештај со потребниот материјал: првостепена одлука, второстепена одлука, жалба, изјавениот правен лек и друг материјал по оценка на судијата известител за претседателот и членовите на советот, се доставува електронски и во печатена форма најдоцна 8 дена пред денот кога предметот ќе биде изнесен на советот.

**Работа на советите**

Член 25

Со седницата на советот раководи претседателот на советот, кој го формира советот од судиите распоредени во тој совет, по принцип на ротација според редослед на избор во Судот.

До потпишување на одлуката, претседателот на советот и секој член на советот имаат право да побараат предметот повторно да се изнесе пред советот.

Причините поради кои се бара предметот повторно да се изнесе пред советот треба да бидат образложени во писмена форма.

Член 26

При донесување на одлуката, советот оценува дали усвоеното правно мислење треба да биде запишано во евиденцијата на судската практика со означување на „ев“ на обвивката на списите.

Член 27

Секоја седница на советот се евидентира во книга на седници.

Во книгата за седници се внесува: денот на одржување на седницата, составот на советот, бројот на предметот, правниот лек, односно основот по кој се одлучувало, видот на одлуката и мнозинството со кое е донесена.

Книгата на седници за работа на советот се чува кај претседателот на советот.

За секој предмет за кој е расправано се составува запис од процес во АКМИС-програмата на Врховниот суд на Република Северна Македонија во кој се внесува: бројот под кој се води предметот во Судот, датумот на одржаната седница, името и презимето на претседателот и членовите на советот, на судијата известител и записничарот, видот правен лек по кој се одлучува и каква одлука е донесена во куса форма (пресуда, решение или одлагање на седницата).

Член 28

Кога советот ќе оцени дека по правното прашање за кое решава треба да се донесе правно мислење, заради обезбедување единство во примена на законот, го известува за тоа претседателот на одделот и ја прекинува работата по предметот, сè додека тоа прашање не биде расправано на седница на одделот.

Ако на седницата на одделот не се усвои предложеното правно мислење, предлогот за донесување на правно мислење се доставува до претседателот на Судот и предлогот се става на разгледување и расправање на Општа седница.

Кога членовите на советот ќе оценат дека по предметот по кој расправаат треба да се отстапи од ставот што е изразен во претходно донесена одлука на Судот, ќе побараат од претседателот на одделот свикување седница на одделот. Одделот на седницата одлучува дали е потребно правното прашање да се изнесе на Општа седница.

Ако советот во одлучувањето оцени дека треба да се поведе постапка за измена на закон што се применува, за донесување на начелен став или начелно правно мислење, се доставува предлог до претседателот на Судот, а тој го иницира разгледувањето на Општа седница.

За спорното прашање, кое треба да се разгледува на седница на одделот, судијата известител изготвува писмен материјал, кој се доставува до судиите и стручните судски службеници во одделот, со покана за закажана седница на одделот.

Член 29

Изворникот на одлуката, заедно со предметот, се доставува на увид на Одделот за судска практика, пред да се изврши верификација на одлуката.

Одделот за судска практика врши прегледување на секоја доставена одлука и доколку одлуката не е во спротивност со правните ставови заземени во некои претходни одлуки, ќе назначи на корицата на предметот дека е извршена контрола, по што одлуката и списите се враќаат на судската писарница, за да се пристапи кон верификација и експедирање на одлуката.

Доколку Одделот за судска практика утврди дека е донесена одлука која е во спротивност со праксата на судот и заземените правни ставови, за тоа ќе го извести претседателот на советот, кој повторно го изнесува предметот на разгледување и одлучување пред советот.

Доколку советот не ја измени одлуката при повторно одлучување, предметот се упатува до претседателот на одделот, заради негово разгледување на седница на одделот.

## 8. СУДСКИ ОДДЕЛИ

### Работа на судските оддели

Член 30

Одделот има претседател и заменик на претседател од редот на судиите, а секретар од редот на стручните судски службеници.

Претседателот на одделот обезбедува работите во одделот да се вршат уредно и навремено.

Член 31

Одделот работи на седница на оддел.

Седниците ги свикува претседателот на одделот по своја иницијатива, по барање на судиите во одделот или на претседателот на Судот.

Член 32

Седница на одделот се свикува и кога помеѓу одделни совети не постои единство во примена на закон или ако еден совет отстапи од начелниот став или начелно правно мислење, правното мислење утврдено на седница на советот или од праксата прифатена од страна на сите совети.

На седницата на одделот спорните правни прашања се разгледуваат врз основа на рефератот, со предлогот на правното мислење, кој се доставува со поканата за седницата на одделот.

Иницијатива за заземање на правно мислење по правни прашања од интерес за работата на судските совети во одделот можат да поднесат претседателот на одделот, советот и судијата. Подносителот на иницијативата писмено ја образложува потребата за заземање на правно мислење, доколку претходно не постоело или потребата за измена на веќе усвоеното правно мислење.

На ист начин се постапува кога одделот поднесува до Општата седница иницијатива за поведување на постапка за законско регулирање на одделни прашања, за измена и дополнување на веќе постоечките закони и поднесување иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на законите и другите општи акти.

Член 33

Седницата на одделот може да се одржи ако е присутно двотретинско мнозинство од судиите на одделот.

На седницата на одделот гласаат само судиите.

Претседателот на Судот секогаш може да учествува во работата на седницата на одделот.

Одлуката е донесена кога за неа гласале мнозинство од вкупниот број судии во одделот.

Гласањето е јавно.

Во одлучувањето, судијата не може да биде воздржан.

На седницата на одделот се повикуваат и стручните судски службеници, кои учествуваат во работата на седницата на одделот.

Секретарот на одделот ја подготвува седницата на одделот, а во негово отсуство заменик на секретарот.

Член 34

За работата на седницата се води записник во кој се внесуваат сите мислења изнесени на седницата, како и резултатот од гласањето.

Записникот во електронска форма се внесува во посебна папка која е достапна за судиите на одделот.

Записникот го потпишува претседателот на одделот кој раководел со седницата, секретарот или стручниот судски службеник кој го водел записникот.

Секоја седница се евидентира во посебна книга наменета за седници на одделот, во која се евидентира и содржината на записникот од работата на седницата, откако записникот ќе биде усвоен.

Член 35

Нацрт-правното мислење со образложение прифатено на седницата го изготвува известителот, а ако неговиот предлог не биде прифатен, тогаш судијата определен на седницата.

Нацртот се доставува до сите членови на одделот по електронски пат.

Конечниот текст се усогласува по електронски пат.

Судијата кој не се согласува со усвоеното правно мислење своето мислење може да го издвои и да го приложи кон изворникот на усвоеното правно мислење.

## 9. ЗАЕДНИЧКА СЕДНИЦА НА СУДСКИТЕ ОДДЕЛИ

Член 36

Во Судот, по потреба, се организираат и заеднички седници на судските оддели.

На седниците на судските оддели се разгледуваат прашања од интерес за работата на сите совети, односно судии што се во состав на одделот, особено во однос на примената на законите во соодветни области и воедначување на судската практика и унапредувањето на методот на работа.

Член 37

Кога во решавањето на некое правно прашање учествуваат два оддела, заедничката седница ја свикуваат спогодбено претседателите на тие оддели, при што секој оддел определува судија известител.

Со заедничката седница раководи претседателот на одделот во чиј делокруг спаѓа материјата што е предмет на расправа или по договор меѓу претседателите.

Член 38

За полноважно одлучување на заедничка седница на оддели, потребно е присуство на најмалку две третини од судиите на секој оддел.

Правното мислење се усвојува со мнозинство од судиите на одделите.

Член 39

Правното мислење се изнесува на Општа седница во случаите кога нема да се постигне потребниот број гласови на седницата на одделот или кога ќе дојде до различни ставови на два оддела на заедничката седница на одделите.

На ист начин се постапува и во случаите ако советот при повторното одлучување не постапи во согласност со правното мислење на одделот. Во тој случај, претседателот на одделот има право да ја запре одлуката додека не се одлучи по прашањето на Општа седница.

## 10. СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ

Член 40

Седницата на судиите ја сочинуваат сите судии на Судот.

Седницата на судии ја закажува и со неа раководи претседателот на Судот.

Член 41

На седницата на судиите се разгледуваат организациски прашања и прашања од општо значење за работата на Судот, судските оддели и сите други прашања кои се од значење за функционирање и подобрување на работата во Судот.

Претседателот на Судот ги информира судиите за мерките што ќе ги преземе заради поефикасно придвижување на предметите врз основа на укажување на Работното тело за движење на предметите и поединечно од претседателите на одделите.

Се разгледуваат периодичните извештаи за работата на Судот, се определува учеството на судии на разни советувања во земјата и странство, се разгледуваат информациите од извршените посети во земјата и странство, како и прашањата што треба да се постават на Општа седница.

Претседателот на Судот на седницата на судиите ги информира судиите за активностите и контактите што ги остварил со другите органи и организации во земјата и странство, а исто така и за други поважни сознанија и активности од неговата надлежност.

На седницата на судии, по правило присуствуваат судскиот администратор, шефот на Кабинетот или друг судски службеник распореден со Годишниот распоред во Кабинетот на претседателот на Судот.

## 11. ОПШТА СЕДНИЦА

### Работа на Општата седница

Член 42

Општата седница ја сочинуваат претседателот на Судот и сите судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Со Општата седница раководи претседателот на Судот и се грижи за одржување на редот на седницата.

Во случај на спреченост на претседателот на Судот, со Општата седница претседава судијата кој го заменува претседателот на Судот.

Во случај на спреченост на претседателот на Судот и судијата кој го заменува, со Општата седница раководи судијата најстар по избор.

Член 43

На Општата седница судиите носат посебна судиска облека (тога).

Судиите во салата за Општа седница седат според следниов редослед: претседателот на Судот седи на централното место на масата, од десна страна седи заменикот на претседателот на Судот, претседателите на одделите седат наизменично по ред од десно и лево според редослед на избор во судот и тоа правило продолжува и за местото на седење на судиите. Секој судија седи на точно определеното место и пред него стои табличка со називот на Судот и името и презимето на судијата.

Судскиот администратор седи од левата страна до претседателот на Судот.

Ако во работата на Општата седница учествуваат и лица надвор од составот на Општата седница, тие седат по составот на Општата седница.

Член 44

На Општата седница присуствува и учествува во работата, без право на глас, судскиот администратор, а по потреба и други стручни судски службеници, по одлука на претседателот на Судот.

Кога претседателот на Судот ќе оцени дека има потреба, а особено кога Општата седница разгледува прашања од посебен интерес, може да покани на Општата седница да присуствуваат и да учествуваат во нејзината работа и претставници од судовите во Република Северна Македонија.

Член 45

**Проширена Општа седница**

На проширена Општа седница, по оцена на претседателот на Судот или по заклучок на Општата седница, можат да бидат повикани да учествуваат во работата и јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, државниот правобранител на Република Северна Македонија, претставници на Судскиот совет на Република Северна Македонија, правните факултети или другите факултети, Македонската академија на науките и уметностите, или други стручни институции кои можат по прашањата од својот делокруг да дадат свое мислење и придонес.

Член 46

За Општата седница се известуваат и на неа можат да присуствуваат и претставници на јавните гласила, ако на седницата се расправаат прашања од пошироко правно значење кои се од интерес за јавноста.

Одлука за присуство на претставници на јавните гласила донесува претседателот на Судот.

Член 47

Општите седници, по правило, се одржуваат во седиштето на Судот. По исклучок, со одлука на претседателот на Судот, Општата седница може да се одржува и надвор од седиштето на Судот.

Член 48

Општата седница ја свикува претседателот на Судот по сопствена иницијатива, по заклучок на Општата седница или по иницијатива на седницата на судиите, одделите на Судот, судските совети и судијата на Судот.

Претседателот на Судот е должен да свика Општа седница по заклучок на Општа седница, по барање на оддел на Судот или на седница на судиите.

Заедно со барањето за свикување на Општа седница, потребно е да се изложи прашањето што треба да се разгледува на седницата и да се изнесе мислењето за решението на тоа прашање.

Член 49

Поканата за свикување на Општа седница со предлог на дневниот ред ја подготвува судскиот администратор или друг судски службеник по налог на претседателот на Судот.

Покана за свикување на Општа седница, со предлогот на дневниот ред и со сите материјали, им се доставува на членовите на Општата седница и на други учесници, најмалку 10 дена пред одржувањето на седницата.

Во итни случаи, тој рок може да биде пократок.

Во случај кога претседателот на Судот свикува Општа седница, по своја иницијатива во итни случаи, должен е со поканата да достави до членовите на Општата седница писмен материјал со предложениот дневен ред.

Член 50

Претседателот на Судот ја отвора седницата и известува кои судии го оправдале отсуството и кој е повикан да присуствува на седницата.

Присуството на судиите на Општата седница е задолжително.

Од Општа седница, судиите можат да отсуствуваат само од особено оправдани причини, кои ги оценува претседателот на Судот.

Член 51

Претседателот на Судот најнапред утврдува дали на Општата седница се присутни најмалку две третини од членовите на Општата седница, а потоа со гласање се утврдува дневниот ред.

Дневниот ред е усвоен кога за него ќе гласа мнозинство од присутните судии.

Член 52

Пред утврдување на дневниот ред тој може да се дополни со нова точка по прашања предложени непосредно пред одржувањето на седницата или на самата седница ако се од таков карактер што за нив не е потребна подготовка, а се бара особена итност. Итноста треба да се образложи.

Секој судија може да побара предложениот дневен ред да се измени и дополни и должен е тој предлог да го образложи.

Ако дневниот ред се менува, најнапред се одлучува за предлогот некоја точка од дневниот ред да се повлече, а потоа за предлогот дневниот ред да се дополни со некоја точка. Предложениот дневен ред може да се дополни ако причините за тоа настанале откако Општата седница веќе била свикана и ако судиите се запознаени со материјалот за таа точка од дневниот ред.

Редоследот за разгледување на прашањата по точките од дневниот ред на Општата седница го определува претседателот на Судот.

Претседателот на Судот може да го измени редоследот на разгледување на поединечни точки од дневниот ред, или да ја спои расправата за поединечни точки од дневниот ред.

Член 53

Општата седница работи ако на седницата се присутни најмалку две третини од членовите на Општата седница.

Општата седница по правило полноважно одлучува со мнозинство гласови од судиите што ја сочинуваат Општата седница.

Член 54

Гласањето на Општата седница е јавно, а тајно кога за тоа ќе одлучи Општата седница, по предлог на член на Општата седница.

Член 55

По прашањата од дневниот ред се гласа откако Општата седница ќе се изјасни дека за прашањето е доволно расправано.

Гласањето се врши така што присутните членови на Општата седница се изјаснуваат со „за“ или „против“ предлогот.

Ако има повеќе предлози, прво се гласа за предлогот на известителот, а потоа за другите предлози, како што биле предложени на Општата седница.

Членовите на Општата седница не можат да одбијат да гласаат или да се воздржат од гласање.

Член 56

Гласањето се врши со кревање на рака, а по исклучок и поименично, ако така одлучи Општата седница.

Кога се гласа со кревање на рака, на повик на претседателот на Судот, односно претседавачот со седницата, прво гласаат членовите на Општата седница кои се за предлогот.

По гласањето за предлогот, претседателот на Судот, односно претседавачот со седницата ги повикува да гласаат и членовите на Општата седница кои се против предлогот.

Претседателот на Судот, односно претседавачот со седницата утврдува дали за прифаќање на предлогот гласале мнозинството од сите членови на Општата седница.

Член 57

Поименично се гласа ако тоа го предлага некој од членовите на Општата седница и ако така одлучи Општата седница со мнозинство гласови на сите присутни членови на Општата седница.

Поименично се гласа со повикување на членовите на Општата седница според редоследот на седење, со тоа што судијата известител секогаш гласа прв.

Член 58

Кога по одделни прашања се врши тајно гласање, резултатот од гласањето го утврдува трочлена комисија која ја именува Општата седница од своите членови, по пат на ждрепка. Судскиот администратор, шефот на Кабинетот или друг вработен во Кабинетот на претседателот на Судот помага во работата на комисијата.

Тајното гласање се извршува со гласачко ливче. На гласачкото ливче задолжително треба јасно да биде определено прашањето за кое се гласа. Се гласа така што се заокружува зборот „за“ или „против“.

Член 59

Откако Општата седница ќе го утврди дневниот ред, претседателот на Судот односно претседавачот со седницата, при секоја точка од дневниот ред, му дава збор прво на судијата известител. Во расправата, претседателот на Судот на учесниците им дава збор по оној редослед по кој се пријавиле за расправа.

По расправата по предлог-начелните ставови, односно предлог-начелните правни мислења и другите прашања расправани на Општата седница, прв дава мислење судијата известител или судијата по чиј предлог прашањето е ставено на разгледување на Општата седница.

Сите присутни членови на Општата седница може да учествуваат во расправата, која може да се ограничи на определено време.

Ако член на Општата седница сака да зборува за повреда на Деловникот, или да одговори на наводот во врска со изнесено мислење од него кој предизвикал несогласување, претседателот на Судот му дава збор веднаш штом ќе побара.

Член 60

Претседателот на Судот, односно претседавачот со седницата ја заклучува дискусијата по одделни точки од дневниот ред кога ќе утврди дека по прашањето се исцрпени сите дискусии и се исполнети условите за одлучување или кога Општата седница ќе се изјасни за тоа.

Општата седница може да одлучи да се одложи заземањето начелен став или начелно правно мислење, односно донесувањето одлука по одделни прашања доколку наоѓа дека по одделни прашања не се исцрпени сите дискусии или од некои други посебни причини не се исполнети условите за одлучување, а по потреба може и одделни прашања да симне од дневниот ред.

Предлагачот може да го повлече предлогот за начелен став или начелно правно мислење, без обврска повторно да го предложи за расправање и одлучување на Општа седница.

Член 61

За текот на Општата седница се води записник.

Записникот ги содржи основните податоци за Општата седница и податоците од нејзината работа.

Записникот на Општата седница го води судскиот администратор, или судски службеник определен со одлука на претседателот на Судот.

Записникот во електронска форма се внесува во посебна папка која е достапна за сите судии.

Записникот го потпишуваат претседателот на Судот и записничарот. Текот на седницата се снима и се изготвува интегрален текст.

Член 62

Кога Општата седница одлучува по барање за заштита на законитоста, рефератот и одлуката ги изготвува судијата известител, а записникот за советувањето со одлуката донесена по барањето се потпишува од сите присутни членови на седницата.

Утврдените начелни ставови и начелните правни мислења, како и другите прифатени одлуки се внесуваат во записникот во интегралниот текст, така како што биле изгласани на Општата седница.

Во записникот се внесуваат и резултатите од гласањето за одделните прашања и предлози.

Секој член на Општата седница кој не се согласил со утврдениот начелен став и начелно правно мислење, како и со прифатената одлука, може да бара суштествените делови од неговото мислење да се внесат во записникот или кон записникот да се приложи неговото издвоено мислење.

Кон записникот се приложува и примерок од утврдениот начелен став, начелното правно мислење или прифатена одлука од Општата седница.

Член 63

Општата седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите.

Начелен став претставува стојалиште кое го утврдува Врховниот суд на Република Северна Македонија по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите.

Начелно правно мислење е стојалиште на Врховниот суд на Република Северна Македонија за одредено прашање, за кое на Општата седница е заземен став поради невоедначена пракса во примената на законите.

Член 64

Предлог за расправа и усвојување на начелни ставови или начелни правни мислења можат да дадат одделите на Судот за чија правна област се однесува правното прашање.

Кога се работи за прашања што ги засегаат работите на сите оддели, одделите претходно ги усогласуваат своите ставови. Ако ставовите на одделите не се усогласени, со предлогот за Општа седница на едниот оддел, се наведуваат и спротивните ставови на другите оддели.

По предлог на судија на Судот, претседателот на Судот го поставува одреденото прашање на Општата седница, ако судијата изработи писмен реферат, со конкретен предлог за решавање на спорното прашање.

Член 65

Утврдените начелни ставови и начелни правни мислења и усвоените заклучоци содржат и образложение во кое се наведуваат причините за нивното усвојување.

Образложението на усвоените начелни ставови, начелните правни мислења, одлуките, други заклучоци и сите одлуки кои ги носи Општата седница, го изготвува судијата известител во рок од 15 дена по завршувањето на Општата седница и тоа се објавува на веб-страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Издвоеното мислење на судијата, член на Општата седница, не се објавува.

Член 66

Начелните ставови и начелните правни мислења, како и заклучоците што биле усвоени и донесени на Општата седница, се задолжителни за сите совети на Судот, односно судиите и претседателот на Судот.

Член 67

Општата седница дава мислење по предлози на закони и на други прописи, со кои се уредуваат прашања од значење за работата на судовите, до предлагачот на законот односно прописот.

Член 68

Општата седница именува членови на Советот за одлучување по жалби против одлуките донесени од Судскиот совет на Република Северна Македонија за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка.

Општата седница ги определува членовите на Советот за одлучување по жалба од Судот по систем на ждрепка од редот на судиите, освен претседателот на Судот.

При спроведување на изборот на членовите на Советот за одлучување по жалба, Општата седница ждрепката ја врши на начин што согласно со бројот на членовите на Општата седница се оставаат затворени пликови со ливчиња, од кои три се обележани со „претседател на совет“, “„судија известител“ и „член на совет“.

Затворени пликови се оставаат и за отсутните судии, тие се отвораат и тоа се констатира на записник.

Судија може да побара да биде изземен од учеството во овој совет, со образложено барање доставено најдоцна пред одржувањето на Општата седница, за кое ќе се изјасни Општата седница.

Претседателот на Судот го објавува составот на Советот за одлучување по жалба со именуваните членови од Врховниот суд на Република Северна Македонија и останатите членови од другите судови.

Претседателот на Судот носи писмена одлука за составот на Советот за одлучување по жалба која се доставува до сите членови на Советот, а предметот по кој треба да одлучува Советот за одлучување по жалба се предава на претседателот на Советот.

Член 69

Општата седница одлучува по приговор на судија на понизок суд, против одлука за Годишен распоред за работа, донесена од претседателот на Судот.

Судија известител по приговорот за судија од понизок суд е судијата кој со одлука на претседателот на Судот е определен со годишен распоред да ја следи работата на тој суд, кој ја изготвува одлуката.

Доколку е изјавен приговор од страна на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, тој лично го образложува на Општа седница, а донесената одлука по приговорот ја изготвува судија кој ќе се определи од Општата седница.

Член 70

Годишните извештаи за работата на судовите се разгледуваат на проширена Општа седница во текот на месец март.

На Општата седница на која се разгледуваат извештаите се повикуваат и претседателите на Вишиот управен суд, Управниот суд, претседателите на апелационите судови, претседателот и членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, а во одделни случаи и претседателите на сите или на одделни основни судови, а се известуваат и медиумите.

Општата седница, по разгледување на извештајот за работа на секој суд, дава своја оценка во вид на заклучок во однос на ажурноста и квалитетот на работата на судот.

Оценките и заклучоците на Општата седница се доставуваат до судовите и се објавуваат на веб-страницата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Општата седница со Програмата за работа определува дали во текот на годината посебно ќе ја следи работата на одделен суд и ќе определи судија или група судии што ќе го вршат тоа.

## 12. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА

Член 71

Одделот за судска практика ја следи и ја проучува судската практика, иницира преиспитување на усвоените правни мислења и предлага до Општата седница за одделно правно прашање да се заземе став.

Одделот за судска практика организира средби со апелационите судови за разгледување на одредени правни прашања за воедначување на одредени правни прашања.

Одделот за судска практика ја следи и праксата на Европскиот суд за човекови права.

Член 72

Во Одделот за судска практика се води и посебна книга во која се внесуваат начелните ставови и начелните правни мислења утврдени на Општа седница, правните мислења усвоени на седниците на одделите, заклучоците од советувањата и работните состаноци на судиите.

Член 73

Ако претседателот на Одделот за судска практика или стручните судски службеници задолжени за судската практика со писмено образложена забелешка укажат дека во донесената одлука се отстапило од утврдениот начелен став или начелно правно мислење, усвоените правни мислења и заклучоци на одделите и судската практика, претседателот на советот повторно го изнесува предметот на седница на советот.

Ако советот не ја измени одлуката, предметот се доставува до претседателот на одделот заради изнесување на предметот на седница на соодветниот оддел.

Ако седницата на одделот заклучи дека во одлуката е отстапено од утврдениот начелен став или начелно правно мислење и усвоените правни мислења и заклучоци на одделите и судската практика, ќе го врати предметот на советот кој веќе ја донел одлуката, заради повторно одлучување.

Ако советот остане при својата одлука, предметот се доставува до Општата седница, согласно со одредбите за работа на Општата седница.

13. СОСТАНОЦИ И СОВЕТУВАЊА

Член 74

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива или по барање на судовите, организира советувања или консултативни состаноци со судиите од судовите, заради решавање на спорни правни прашања и воедначување на судската практика.

14. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА СУДОТ

Член 75

Јавноста во работењето се обезбедува со објавување на одлуки на Судот и поважни податоци во врска со работењето на Судот на веб-страницата, со доставување на службено соопштение преку средствата за јавно информирање, одржување конференции за медиумите, како и со издавање на билтени и на друг начин.

Член 76

Сите одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија се објавуваат на веб-страницата на Судот.

Член 77

Врховниот суд на Република Северна Македонија одржува конференции за медиуми со акредитирани претставници на средствата за јавно информирање по повод годишниот извештај за работа на Судот.

Конференцијата за медиуми се одржува и во други случаи кога Врховниот суд на Република Северна Македонија оценува дека се работи за прашања од интерес на јавноста.

Конференцијата за медиуми ја закажува и ја води претседателот на Судот, а акредитациите на претставниците од средствата за јавно информирање се издаваат од лице определено од претседателот на Судот.

Член 78

За одлуките на Судот за кои постои интерес во јавноста, Судот дава соопштенија за јавноста.

Соопштението за јавноста го составува портпаролот на Судот, а го одобрува претседателот на Судот или лицето што тој ќе го овласти.

Член 79

Во случај кога информацијата во врска со одлуката, односно работата на Судот е невистинита, непотполна или неправилно пренесена, Судот може да бара, во согласност со закон, да се објави одговор или исправка.

## 15. ЗАБРАНА ЗА ЈАВНО ИЗЈАСНУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТ

Член 80

Судиите не смеат јавно да го изнесуваат своето мислење во врска со предметот по кој се одлучува во Судот.

## 16. ПУБЛИКАЦИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 81

Врховниот суд на Република Северна Македонија издава Билтен на судска практика и Збирка на судски одлуки во кои се објавуваат начелни ставови и начелни правни мислења утврдени на Општа седница, правни мислења и заклучоци на судските оддели, одлуки на Европскиот суд за човекови права и други меѓународни институции од значење за заштита на човековите права и основните слободи, сентенците од одлуките на Судот утврдени на седниците на одделите, стручни трудови и други акти од значење за организацијата, уредувањето и функционирањето на Судот.

Главниот и одговорен уредник на Билтенот на судска практика и Збирката на судски одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија, претседателот и членовите на Редакцискиот одбор ги одредува претседателот на Судот со одлука.

## 17. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊА НА ДЕЛОВНИКОТ ЗА РАБОТА

Член 82

Деловникот се менува и се дополнува на начин на кој се донесува.

Предлог за измена и дополнување на Деловникот може да поднесат претседателот на Судот и судиите.

Предлогот се поднесува во писмена форма и мора да биде образложен.

## 18. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 83

Одредбата од член 29 став 1 од овој Деловник ќе биде во примена откако ќе се обезбедат човечки и технички ресурси.

Член 84

Од денот кога стапува во сила овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/98) и Деловникот за измена и дополнување на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.21/09).

Член 85

Овој Деловник стапува во сила осмиот ден од објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

03 СУ Бр. 915/21
18 јануари 2022 година
Скопје

Претседател
на Врховниот суд на Република
Северна Македонија
**Besa Ademi**, с.р.